# Библиските учења на Исус Христос кои се оживеани во исламот

Маџид С. Ер-Реси

Belig

Скопје, 2023

Наслов

**Библиските учења на Исус Христос кои се оживеани во исламот**

Автор
**Маџид С. Ер-Реси**

Уредник
**Фатмир А. Ковачи**

Лектор
**проф. д-р Виолета Пирузе**

Рецензија
**м-р Џевад еф. Хот**

Техничко уредување
**Абдурахман Салоски**

Дизајн
**Јонуз Мифтари**

Техничка обработка
**Абдулах Мифтари**

Тираж
**1000 примероци**

27-31:28

Ал-Раси, Мајед

Библиските учења на Исус Христос кои се оживеани во исламот / Мајед С.

Ал-Раси; превод од босански Фатмир А. Ковачи. - Скопје: Здружение на граѓани „БЕЛИГ" - Скопје, 2023. - 88 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот.

- Наслов на оригиналот : إحياء الإسلام من تعاليم المسيح عليه السلام / ماجد بن سليمان الرسي

ISBN 978-608-4914-06-8

а) Исус Христос -- Учења -- Ислам

COBISS.MK-ID 59516421

Наслов на оригиналот:

إحياء الإسلام من تعاليم المسيح عليه السلام

ماجد بن سليمان الرسي

Наслов на преводот на босански:

**Biblijska učenja Isusa Krista koja su oživljena u islamu**

Преведе од босански:

**Фатмир А. Ковачи**

*Без сомнение, овој живот е испит кој ја бара вашата целосна грижа за тоа што ќе понесете со вас на вашата последна дестинација.*

*Единствено исправното верување и добрите дела се вашиот пат до спасението.*

# Во врска со зборот „Господ“

Зборот господ (анг. Lord) на англиски има неколку поврзани значења. Првобитното значење е „господар“ или „владар“ и во оваа смисла е често користен за да означи човечки суштества: „господарот на палатата“ или „Господарот тој и тој“ (на пр. во Британија). Зборот Господар со голема буква Г во лексиконот на исламот се користи за да Го означи Едниот Единствен Бог – Аллах. Во исламот не постојат двосмислености во врска со значењето на овој збор. Вистина е дека повремено зборот господар (со голема и со мала буква) се користи за означување на човечко суштество, но во исламскиот дискурс спомнувањето на овој израз секогаш се гледа од контекстот. Додека кај христијаните, хиндусите и другите многубошци, зборот Господ со големо Г може да се однесува на Аллах, Исус, Св. Дух или некое замислено божество, тој кај муслиманите нема множина во значењето. Аллах е единствениот Господар и Господ е Аллах – не Исус, ниту Рама, ниту кое друго суштество.

# Во врска со зборот „Аллах“

Иако именката „Бог“ во оваа книга често се користи како синоним за Аллах, постојат големи разлики помеѓу нив. „Аллах“ е збор на арапски кој на македонски се преведува како „Бог“. Меѓутоа, „Аллах“ има значително попрецизно значење од зборот „Бог“. „Аллах“ не е само арапски термин за зборот „Бог“. Всушност, коренот на зборот „Аллах“ е илах, што значи „бог“. Постојат безброј измислени „богови“, но само еден е прав и вистински Бог чие име е Аллах. Зборот „Аллах“ буквално значи „обожуваниот“. Значи, Аллах е исправното име за единственото Битие вредно за богослужење, вистинскиот Создател на универзумот. Всушност, со зборот „Аллах“ муслиманите негираат секој друг ентитет кој луѓето погрешно го обожуваат. Името „Аллах“ е она со кое Семоќниот Бог се претставува во Куранот[1], и пратеникот Мухамед (мир над него) исто така се повикувал на Него. Поради тоа, во овој труд, терминот „Аллах“ често ќе биде употребуван за да го означи едниот и единствениот Бог достоен за обожување.

[1] Куранот е света Книга или Откровение објавено на пратеникот Мухамед (благословите и мирот над него).

# Вовед

Секој поединец се раѓа во верско опкружување кое не е во согласност со неговиот избор; детето се воспитува да ја следи религијата и идеологијата на неговото семејство, општество или култура. Уште како новороденче, нему му се доделува или верата на семејството или идеологијата на државата. Во некои земји, припишаната вера на новороденчето дури се бележи и во матичната книга на родените. Сето тоа до моментот кога поединците ќе навлезат во тинејџерскиот период, тие се индоктринирани и обично го прифаќаат верувањето на своите родители, или на своето конкретно општество, чувствувајќи дека имаат малку избор во тој поглед.

Меѓутоа, поединците често се среќаваат, или се изложени на различни уверувања и идеологии во текот на својот живот, што мнозина ги наведува да ги испитуваат долго чуваните уверувања, традиции и филозофски идеи. Почнуваат да ја преиспитуваат исправноста на своите сопствени верувања. Трагачите по вистината често го достигнуваат моментот на забуна, особено кога ќе сфатат дека верниците на сите религии, секти, идеологии и филозофии тврдат дека ја исповедуваат едната и единствена вистина.

Главниот момент на забуна кај мнозинството христијани доаѓа на релацијата меѓу двете главни религии: христијанството и исламот.

Најголемиот дел од христијаните го доживуваат пратеникот Мухамед (мир над него) и учењата кои ги искажувал како голем конфликт со учењата донесени од страна на Исус (мир над него).

Оваа книга му докажува на искрениот читател дека Исус укажал на доаѓањето на Пратеникот Мухамед, и дека Мухамед оживеал многу од учењата на Исус. Во книгата се наведени напуштени библиски учења кои се оживеани во исламот со доаѓањето на пратеникот Мухамед.

Пред да се задлабочиме во книгата, треба да напомнеме дека во случај да ја започне потрага по вистинската вера, трагачот треба да ги има предвид следниве четири работи:

Прво, Аллах (славен и возвишен е Тој) ни дал способност и интелект да го откриеме одговорот на ова суштинско прашање, што исто така е и одлука која го менува животот: Која е вистинската вера?

Второ, Аллах, Најмилостовиот, не нѐ оставил да талкаме без упатства. Навистина, Тој ни испраќал пратеници со списи за да ни укаже на Вистинскиот пат.

Трето, секогаш сетете се на причината за оваа потрага: претстојниот вечен живот зависи од следењето на вистинската вера во овој живот. Ова би требало да биде вашата крајна мотивација и двигателна сила да продолжите со потрагата додека не бидете целосно задоволни.[2]

---

[2] Библијата, во својата сегашна форма, потврдува дека трагањето по вистината е единствениот пат до спасението. Во Јован 8:32 е наведено: **„...и ќе ја познаете вистината, и вистината ќе ве ослободи.“** Муслиманите веруваат дека постоечката форма на Библијата содржи елементи на вистинската оригинална порака, иако е значително променета од времето на Исус.

Четврто, човекот може да го одреди вистинскиот пат и да направи рационална и исправна одлука единствено доколку доброволно ги исфрли сите емоции и предрасуди кои обично го заслепуваат да ја види реалноста.

Би сакал да им се заблагодарам на оние истакнати научници кои ми дадоа можност да учам и интензивно да цитирам од нивните книги, а посебно на др. Џамал Бадави, др. Билал Филипс и на братот Мухамед б. Абдулах Карабаљо. Мојот мал придонес е, пред сѐ, компилација на исечоци од нивните прекрасни дела.

Со овој краток предговор, ве оставам да ја простудирате книгата.

*Авторот*

# Библиските учења на Исус Христос[3] оживеани во исламот

Сите пратеници биле испратени со иста порака на монотеизам т.е. обожување на еден Бог, сведочење за врховната власт на Неговите атрибути како и за Неговата единственост во суштината. Меѓутоа, нивните пораки можат да се разликуваат во поглед на законодавството (ар. Шеријатот), на пример, начинот на изведување на молитвата, постот, видовите милостина итн. Ова зависи од карактеристиките на секој народ во одредено време, според Аллаховата мудрост, бидејќи Тој ги познава Своите созданија подобро отколку што тие самите се познаваат.

Секој пратеник би го оживувал основното верување кое било искривено по заминувањето на претходниот пратеник. Исламот, како последна порака, ги оживеал основните верувања и практики на сите претходни пораки, вклучувајќи ја и пораката на Исус. Тој ги разработил за на луѓето да им бидат јасни и едноставни за следење.

Еве неколку основни учења кои се воспоставени од страна на пратеникот Исус, а во практика се оживеани преку пораката на исламот, т.е. учењата на пратеникот Мухамед.

---

[3] Составено од делото „Вистинската порака на Исус Христос" од Филипс и од делото „Мојата голема љубов кон Исус ме доведе до исламот" од Карабаљо.

## 1. Оживување на верата во монотеизмот – Божјата едност

Ова основно учење е поучувано од страна на Исус (мир над него), како што е цитирано подолу, но напуштено од повеќето христијани и повторно оживеано преку пораката на исламот. Сета благодарност кон Аллах за Неговото упатство.

Шеснаесет докази од Библијата и рационални мисли во врска со Аллаховата едност во Неговата суштина, а кои ја негираат доктрината на Тројството:

1. **„Почуј, Израиле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ.“** (С. Завет, Повторени закони 6:4)
2. **„Зар не го направи истото и еден друг, во кого имаше силен дух“** (С. Завет, Малахија 2:15),
3. **„...за да знаете и да Ми верувате, да разберете дека сум тоа Јас: пред Мене немаше Бог, и по Мене нема да има. Јас, Јас сум Господ, и нема Спасител освен Мене.“** (С. Завет, Исаија 43:10-11)
4. **„Јас сум првиот, Јас сум и последниот; освен Мене нема Бог; зашто кој е како Мене?“** (С. Завет, Исаија 44:6-7)
5. **„Нема друг Бог освен Мене, – Бог праведен и Кој спасува, нема освен Мене. Кон Мене обрнете се, и ќе бидете спасени. ...пред Мене ќе се преклони секое колено.“** (С. Завет, Исаија 45:21-23)

6. **„А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа.“**[4] (Н. Завет, Јован 17:3)
7. **„На Господа, твојот Бог, да Му се поклонуваш и само нему да Му служиш!“** (Н. Завет, Матеј 4:10)
8. **„Чуј, Израиле! Господ, Бог наш, е еден Господ.“** (Н. Завет, Марко 12:29)
9. **„Зашто еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето – Човекот Христос Исус.“**[5] (Н. Завет, 1. Тимотеј 2:5)
10. **„Јас сум Господ, и нема друг. Не говорев тајно Јас, не во темно место на земјата... Јас сум Господ, Кој изрекува правда, Којшто ја открива вистината.“** (С. Завет, Исаија 45: 18-19)
11. Додатен важен доказ од Библијата дека Бог (Аллах), Исус (мир над него) и Светиот Дух (ангелот Гаврил) се секој различен ентитет во својата суштина: Библијата (Стариот и Новиот Завет) никаде не наведува дека Аллах, Исус (мир над него) и Светиот Дух сочинуваат еден ентитет наречен Бог, или еден од тројца. Ова е чист производ од измислено, нелогично, филозофско и двосмислено размислување кое луѓето слепо го наследиле од своите родители и дедовците низ векови и генерации, без никаква рационална проценка или проверка на исправноста.

---

[4] Овој стих јасно укажува на разликата помеѓу Аллах како Бог и Исус како пратеник.

[5] Овој стих јасно укажува дека Бог мора да биде обожуван сам, без никакви посредници; исто така, Исус бил човек, а не „Бог“.

12. Следните пасуси од Библијата на индиректен начин му се спротивставуваат на верувањето во Тројството:

    - **„А вие ни гласот Негов никогаш не сте го чуле, ниту лицето Негово сте го виделе.“** (Н. Завет, Јован 5:37
    - **„...Кого никој од луѓето не Го видел, ниту може да Го види.“** (Н. Завет, 1. Тимотију 6:16)
    - **„...зашто не може човек да Го види лицето Мое и да остане жив.“** (С. Завет, Исход 33:20)

    Според библиските стихови, никој не може да го види ниту да го слушне Бога. Сепак, според христијанското верување Исус (мир над него) е Бог. Во овој случај, овие стихови немаат никаква смисла, бидејќи Исус, мнозина од неговото семејство, следбеници, Евреи, Римјани и многу други, го гледале и слушале во текот на неговиот живот. Ова значи дека Исус не може да биде она за што зборуваат овие стихови, тие мора да се однесуваат на некој друг: на единствениот вистински Бог (Аллах), Најголемиот, Кого никој не може да го види ниту слушне.

13. Исто така интересно е тоа што самиот Исус никогаш не го спомнал Тројството. Не кажал ништо во врска со возвишените ентитети што го сочинуваат Тројството. Да постоеше Тројството, тој тоа мошне јасно би му го кажал на својот народ, бидејќи пратениците доаѓале за да ја пренесат вистината, а не за да ја сокријат.

14. Верувањето во учењето кон кое Исус (мир над него) се придржувал, а тоа е верувањето во еден

Бог (Аллах) воопшто не се разликува од верувањето и учењето кон кое се држеле сите претходни пратеници. Секој од нив ја проповедал Аллаховата едност наместо концептот на Тројството. Исус едноставно ја повторил монотеистичката и единствената порака која им е објавувана на пратениците кои доаѓале пред него.

15. Доктрината на Тројството е ирационална бидејќи ништо што доаѓа од Него или е создадено од Него не може да стане рамно на Него или Негов партнер.
16. Куранот го отфрлува концептот на Тројството толку силно колку што ја отфрлува идејата дека Аллах има син. Затоа што Аллах нѐ известил дека Тој е Еден. Ова е **основен принцип** на сите објави. Три, со разумска или едноставна реченица, не може да биде еден. Куранот во врска со ова им се обраќа на христијаните:

**„О, следбеници на Книгата, не застранувајте во своето верување и за Аллах зборувајте ја само вистината! Месих, Иса, синот Мерјемин, е само Аллахов Пратеник, создаден е со Зборот Негов кој на Мерјем ѝ го достави, и живот му даде; затоа верувајте во Аллах и во Неговите Пратеници и не велете: ‚Тројца се!' Престанете, подобро е за вас! Аллах е само еден Бог, славен нека е Тој, зарем Тој да има дете?! Негово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, и Аллах е доволен заштитник.“** (Куран, 4:171)

Исламот го оживеал концептот на Аллаховата едност во суштината, и апсолутно ја негирал доктрината на „синовството“ и доктрината која вели дека Бог (Аллах) е Исус (мир над него) или светиот Дух. Аллах кажал:

> **„Неверници се тие што велат: ‚Бог е Месих, синот Мерјемин!‘“** (Куран, 5:72)

Тој исто така во Куранот кажал:

> **„Кажи: ‚Тој е Аллах, Еден е! Аллах е прибежиште секому! Не родил и не е роден, и никој не Му е рамен!‘“** (Куран, 112:1-4)

## 2. Оживување на Божјата врховна власт во поглед на Неговите атрибути и својства

Бог (Аллах) има повеќекратни возвишени атрибути. Тој е Најмилостивиот, Сомилосниот. Тој е фален во сите објавени книги и преку зборовите на сите пратеници. Според Библијата, Исус (мир над него) поучувал дека Аллах е најголем во Своите атрибути. Во Матеј 19:16-17, кога еден човек го нарекол пратеникот Исус „добар“ со зборовите:

> **„‚Учителе добар, какво добро треба да направам за да имам живот вечен?‘ А Он му одговори: ‚Зошто Ме нарекуваш добар? Никој не е добар освен единиот Бог.“**

Исус со тоа ги покажал атрибутите на „неизмерна добрина“ или „совршена добрина“ и потврдил дека овие атрибути му припаѓаат само на Аллах.

Во „Исаија“ 44:6-7 се наведува дека Бог (Аллах) вели: **„Јас сум првиот, Јас сум и последниот; освен Мене нема Бог; зашто кој е како Мене?“**

Исламот успешно го оживеал основниот концепт на монотеизмот. Многубројните пасуси од Куранот и кажувања на пратеникот Мухамед (мир над него) потврдуваат дека Аллах:

- Тој нема партнер ниту еднакви на Себе.
- Тој е „невидлив“ бидејќи Тој е над Својот престол, над небесата и никој не може да Го види во овој живот.
- Не се манифестира физички ниту се раѓа во други форми.

- Тој е вечен, Тој не умира.
- Ниту раѓа, ниту е роден; не Му треба никој како мајка, жена или син.
- Нема партнер во своето божество.
- Самиот Себеси си е доволен; сите зависат од Него и Тој на сите им е потребен; меѓутоа Тој ниту е зависен од некого, ниту Му треба нешто како храна, пијалаци или помош. На пример, Бог (Аллах) вели во Куранот:

**„Ништо Нему не му е слично!“** (Куран, 42:11)

**„Затоа не изнесувајте Му слични на Аллах! Аллах навистина знае, а вие не знаете.“** (Куран, 16:74)

**„...а Аллах има највозвишени својства: Тој е Силен и Мудар.“** (Куран, 16:60)

Овој основен дел од верувањето (дека Аллах ги заслужува најубавите имиња и атрибути) повеќепати е потенциран во благородниот Куран. Ова му е очигледно на читателот на Куранот, кој забележува дека многубројни курански поглавја завршуваат со осврт кон некој божански атрибут, како „Оној Кој Сè слуша, Кој Сè гледа“, „Оној Кој најмногу Простува, Семилосен“, „Севишниот, Најголемиот...“

## 3. Оживување на доктрината на монотеизмот

Како што е спомнато порано, повикот за обожување на единиот Аллах (монотеизмот) без какви било посредници, била порака на сите пратеници. Поради постојаните отстапувања од оваа доктрина, таа морала да биде повторно воспоставувана од страна на сите Аллахови пратеници низ вековите. Монотеистичката порака на исламот на едноставен начин им говори на луѓето дека треба да го обожуваат само Аллах и дека не смеат да обожуваат ништо или никого освен Аллах, на било кој начин, преку било кој облик или форма.

Меѓутоа, сега христијаните го повикуваат и му се молат на Исус (и на останатите) покрај Аллах. Дури и повеќе, сите богослужења му ги упатуваат на Исус. Придружувањето на другите кон Аллах не е ништо друго освен политеизам (многубоштво). Изненадувачки е дека иако библискиот текст е значително променет, тој сè уште содржи доказ дека Исус ги повикувал другите во монотеизам.

- Во Лука 4:6-8, ѓаволот го повикува Исус да се поклони, ветувајќи му авторитет, власт и слава на овој свет, **„Но Исус му одговори и рече: ‚Бегај од Мене, сатано, оти е напишано: На Господа, Твојот Бог, клањај Му се и само Нему служи Му!'"**
- **„Нема друг Бог освен Мене, – Бог праведен и Кој спасува, нема освен Мене. Кон Мене обрнете се, и ќе бидете спасени ...пред Мене ќе се преклони секое колено..."** (Исаија 45:21-23)
- **„Кон Мене обрнете се, и ќе бидете спасени, сите краишта земни, зашто Јас сум Бог и нема друг како Мене."** (Исаија 45:22)

- **„На Господа, твојот Бог, да Му се поклонуваш и само нему да Му служиш!“** (Матеј 4:10)

  Во Библијата, вистинскиот Бог нагласено сведочи:

  **„Јас сум Господ, и нема друг. Не говорев тајно Јас, не во темно место на земјата... Јас сум Господ, Којшто изрекува правда, Којшто ја открива вистината.“** (Исаија 45:18-19)

Значи, суштината на пораката на Исус е дека само Аллах заслужува да биде обожуван; богослужењето на било кој освен на Аллах или заедно со него е погрешно. Вредно е да се напомне дека обожувањето на другите покрај Бога е голема промена на пораката на Исус. По неговото заминување, повикот кон монотеизам станал изобличен од страна на подоцнежните следбеници, почнувајќи од Павле, којшто толку чистата и едноставна порака ја претворил во филозофија на Тројството кое го оправдува обожувањето на Исус, по што следи обожувањето на Марија, мајката на Исус, обожувањето на ангелите и на светците. Католиците имаат долга листа на светци на кои им се обраќаат во разни времиња и поводи.

Обожувањето на други покрај Аллах е ирационално и залудно; ова е затоа што ниту живите, ниту мртвите не можат да им одговорат на молитвите на човештвото. Обожувањето на Аллах не треба да биде делено со Неговите созданија бидејќи тие се луѓе како нас; тие не се создатели. Тие се слаби суштества како нас, ним им треба храна, пијалаци, засолниште, помош, и по својата смрт (или вознесение во случајот на Исус) тие дури не можат ниту да ги слушнат оние што ги довикуваат!

Во исламот успешно е оживеана доктрината на монотеизмот. На пример, Аллах во Куранот предупредува:

> **„Неверници се тие што велат: ‚Бог е Месих, синот Мерјемин!' А Месих говореше: ‚О, синови Израилови, обожувајте Го само Аллах, и мојот и вашиот Господар!' Кој на Аллах ќе Му припишува здруженик, Аллах ќе му го забрани влезот во Џенетот и неговото живеалиште ќе биде Џехенемот; а на злосторниците нема никој да им помогне!“** (Куран, 5:72)
>
> **„Тие на кои, покрај Аллах, им се молите, навистина се робови како и вие.“** (Куран, 7:194)
>
> **„Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Аллах е високо над тие кои Му ги здружуваат!“** (Куран, 27:63)
>
> **„Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Кажи: ‚Докажете ако ја зборувате вистината!'“** (Куран, 27:64)
>
> **„Џините и луѓето ги создадов само за да Ме обожуваат.“** (Куран, 51:56)

Пратеникот Мухамед (мир над него) рекол:

*„Молитвата е суштински чин на богослужењето.“*[6]

Последователно, доколку човекот тврди дека е муслиман и му се моли на пратеник, светец, статуа или на било што слично, тогаш тој или таа зачекориле надвор од границите на исламот.

---

[6] Хадисот го пренесуваат Тирмизи и Ебу Давуд.

Така, според овие тврдења, сите други наводни богови и божества кои луѓето ги обожуваат и ги довикуваааат, како Исус, Светиот Дух, Брахма, Шива, Кришна, Буда, ниту се богови, ниту се манифестација на едниот вистинит Бог (Аллах). Дури и ако некој би почнал да го обожува пратеникот Мухамед (мир над него), истата казна спомната погоре би била применета на него.

## 4. Оживување на верувањето во пратеништвото на Исус

Девет докази од Библијата за пратеништвото на Исус.

Постојат многу стихови од Новиот Завет кои го потврдуваат Исус.

1. **„А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа.“**[7] (Јован 17:3)
2. Во Матеј 21:11, забележано е дека неговите современици му се обратиле на Исус како на пратеник: **„А народот одговараше: ‚Овој е Исус, пророкот од Назарет Галилејски.‘“**
3. Во Марко 6:4, кажано е дека Исус за себе рекол дека е пророк (пратеник): **„А Исус им рече: ‚Пророкот никаде не останува без почест, освен во својата земја, меѓу роднините, и во својот дом.‘“**
4. Во претходните стихови, за Исус се вели дека е испратен како гласник. Во Матеј 10:40, Исус наводно рекол: **„Кој ве прима вас, Ме прима Мене; а кој Ме прима Мене, Го прима Оној што Ме пратил.“**
5. Во Јован 5:30, се раскажува дека Исус исто така кажал: **„Но Јас ништо не можам да правам Сам од Себе. Како што слушам, така и судам, и Мојот суд е праведен, оти не ја барам волјата Моја, а волјата на Отецот, Којшто Ме пратил.“**

---

[7] Овој стих мошне јасно укажува на разликата помеѓу Возвишениот Бог и пратеникот Исус. Исто така види: Јован 4:34, 5:30, 7:16 и 28, 11:42, 13:16, 14:24

6. Исто така, во Евангелието (Матеј 19:16) е запишано дека Исус е наречен „учител“ (што било улогата на сите пратеници): **„И ете, еден човек, кога пристапи до Него, Му рече: ‚Учителе добар, какво добро треба да направам за да имам живот вечен?‘“**
7. Во Матеј 19:17, Исус му одговара на оној кој го нарекол „учителе добар“ со зборовите: **„Зошто Ме нарекуваш добар? Никој не е добар освен единиот Бог.“** Овде Исус одбива да се нарекува „добар“, и наведува дека единствено Бог е навистина добар, што јасно имплицира дека тој не е Бог. Исто така, овде Исус одбива да се нарекува „благ и добар“, бидејќи совршената благост и добрина му припаѓаат само на Бога (Аллах).
8. Во Матеј 5:17-18, Исус вели: **„Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам Законот или Пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам. Зашто, вистина, ви велам: дури постојат небото и земјата ниту една јота или црта од Законот нема да се измени, додека не се исполни сè.“**
9. Исто така во Матеј 5:19, се бележи дека Исус Христос инсистирал на стриктна послушност кон Божјите наредби, што, всушност, е улогата на секој пратеник: **„И така, оној што ќе наруши една од тие најмали заповеди и така ги научи луѓето, најмал ќе се нарече во царството небесно; а оној што ќе ги исполни и поучи, тој голем ќе се нарече во царството небесно.“**

## 5. Оживување на верувањето во човечката природа на Исус

Нема докази во Библијата за божественоста на Исус (мир над него).

Треба да се напомене дека никаде во Евангелијата Исус себеси не се нарекол „Бог“, ниту еден од тројцата. Да беше така, тоа ќе беше спомнато мошне јасно во Библијата макар еднаш; тоа е затоа што Исус – како и сите пратеници – бил испратен да го просветли својот народ во врска со вистината и да им го расчисти сомнежот, а не и понатаму да ги збуни.

Навистина, Библијата во сегашната форма укажува на човечката природа на Исус.

1. **„Зашто еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето – Човекот Христос Исус.“** (1. Тимотеј 2:5)
2. Дури и во некои записи на Павле, кои црквата ги класифицирала во свети списи, Исус е наречен човек, посебен и поинаков од Бог (Аллах)

Во „1. Тимотеј“ 2:5, Павле пишува: **„...Еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето – Човекот Христос Исус.“**

Денес постојат многу современи христијански научници кои веруваат дека Исус Христос не бил „Бог“.

Во 1977. год. група од неколкумина библиски научници, вклучувајќи ги и водечките теолози на англиканската црква, како и други научници на Новиот Завет, ја објавиле книгата *Отелотворениот мит за Бога*, која предизвикала

големи превирања во Генералниот Синод на Црквата на Англија. Во предговорот, Џон Хик го напишал следново:

„Писателите на оваа книга се убедени дека уште еден голем теолошки развој е најавен во последниот дел од дваесеттиот век. Потребата произлегува од порастот на знаењето за христијанските корени и го вклучува признавањето дека Исус бил (како што е претставено во Делата Апостолски 2:22) **„Човекот посведочен пред вас од Бога“** за специјална задача и возвишена цел и дека подоцнежното сфаќање за него како отелотворен Бог, Второто Лице во Светото Тројство кое живее живот на човек, е митолошки или поетски начин на изразување на неговото значење за нас.“[8]

Треба да се истакне дека кон концептот на човечката природа на Исус не се придржуваат само муслиманите[9]; исто така се придржуваат и Евреите и раните христијански секти како Евионитите (Назаритјаните), Серинтјаните, Басилѓаните и Готите. Тие исто така тврделе дека Исус бил саканиот Божји пратеник, и тие не го воздигнале во однос на неговиот праведен статус. Дури и денес постојат цркви во Азија и во Африка, заедно со Унитарната црква и Јеховините Сведоци кои не го слават Исус

---

8 Филипс, „Вистинската порака на Исус Христос“, 61.

9 Муслиманите веруваат дека Исус е пратеник, Месих, и ги потврдуваат чудесните дела кои, со Божја помош, тој ги изведувал. Чудесно создаден без посредство на татко, а го родила девицата Марија, најчесната жена на светот, со чие име Бог го нарекол 19. поглавје од Куранот. За разлика од повеќето Евреи, кои и денес изнесуваат огромни лаги и тешки навреди на сметка на Исус и неговата чесна мајка Марија, како на пр. дека Марија извршила блуд и дека Исус е копиле и лажен пратеник, негирајќи сѐ со што тој дошол. Нека се благословени тој и неговата мајка и чисти од тие лаги. (Заб. на рец. на преводот на босански)

како Бог. Овде е важно да се напомене дека ова не им е доволно за да се ослободат од страдањата на Судниот Ден, освен да го прифатат исламот, пратеникот Мухамед (мир над него) и последното откровение од Аллах.

## Вистината во врска со верувањето дека Исус е Божји син[10]

Во Библијата изразот „син" бил користен кога се говорело за мнозина поранешни пратеници. Народот Израел, на пример, бил наречен „Божји син" во една од Мојсеевите книги: **„А ти кажи му на Фараонот: ‚Вака вели Господ Бог еврејски: Израил е Мојот првороден син.'"** (Исход 4:22)

Исто така, во Псалмите, истата титула му се дава на Давид, **„Ќе го кажам определението – Господ Ми рече: ‚Ти си Син Мој, Јас денес Те родив.'"** (Псалми, 2:7)

Исто така, во „1. Летописи", 22:10, Соломон се нарекува Божји син: **„Тој ќе изгради дом на името Мое и ќе ми биде син, а Јас нему – татко, и така ќе го зацврсти престолот на царството негово над Израилот довека."**

Од наведените изјави, како и од многу други цитати од Библијата, се согледува дека зборот „син" се однесува на „блискоста кон Бога и неговата посебна љубов." Ова се утврдува кога гледаме дека самиот Исус говорел дека секој човек кој ќе постапи по **волјата на Отецот** на небото е Божји син.

Наведено е дека Исус во следните стихови рекол:

---

[10] Составено од делото „Мојата голема љубов кон Исус ме доведе до исламот" од Карабаљо.

**„Љубете ги непријателите свои... за да бидете синови на вашиот Отец небесен.“** (Матеј 5:44-45)

**„Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји!“** (Матеј 5:9)

Затоа, она што го прави човекот достоен да се нарече „Божји син“ е побожниот живот и милосрдното однесување.

Библијата докажува дека Исус, всушност, одбил да се нарекува „Син Божји“:

**„Од мнозина излегуваа бесови со викање, и велеа: ‚Ти си Христос, син Божји!‘ А он забрануваше и не им позволуваше да кажуваат, оти знаат дека е он Христос.“** (Лука 4:41)[11]

Затоа, во однос на горенаведеното, не постои оправдување Исус да се смета за Син Божји во исклучиво единствено значење. Кога Исус ја користел фразата „Син Божји“, таа значела потполно исто како кога е користена за **Адам, Израил, Давид, Соломон** (нека е мирот над нив), а тоа е – најблиски во љубовта кон Бога.

Човечноста и пратеништвото на Исус (мир над него) се потврдени во многу Курански ајети (пасуси) за да ја поправат сериозната грешка на неговото воздигнување до статусот на Бога (Аллах) или припишување дека е син Божји.

Аллах во Куранот, во повеќе поглавја, посочува дека Тој нема син. Ќе наведеме неколку пасуси од Куранот.

---

[11] Филипс: „Вистинската порака на Исус Христос“, 50.

**„Неверниците велат: ‚Аллах си зел дете за себе.‘ Возвишен нека е Тој! Напротив, Нему Му припаѓа сè што е на небесата и на Земјата и Нему сè Му се покорува; Тој е Создателот на небесата и на Земјата, а кога нешто ќе одлучи, Тој само ќе каже: ‚Биди!‘ – и тоа бива.“** (Куран, 2:116-117)

**„Тие велат: ‚Аллах си зел дете за Себе!‘ – Возвишен и чист нека е Тој! Тој не е зависен од никого! Сè што е на небесата и на Земјата Негово е! Вие за тоа никаков доказ немате. Зошто за Аллах го зборувате тоа што не го знаете! Кажи: ‚Тие што за Аллах изнесуваат лаги, нема да го постигнат тоа што го сакаат.‘ Кратко ќе уживаат на овој свет, а потоа Нам ќе ни се вратат и Ние ќе им дадеме да претрпат неиздржливо страдање, затоа што не веруваа.“** (Куран, 10:68-70)

**„...и да ги опомене тие што велат: ‚Аллах си присвоил син.‘ Тие ништо не знаат за тоа, а ни предците нивни. Колку крупни зборови излегуваат од устите нивни! Тие не говорат ништо, освен лаги!“** (Куран, 18:4-5.)

**„Тие велат: ‚Семилосниот си зел дете за Себе!‘ Вие, навистина, нешто крупно говорите! Од тоа небесата само што не се распаднале, а Земјата не се урнала и планините не се здробиле, затоа што на Семилосниот Му припишуваат дете! А на Семилосниот не Му е потребно да си земе дете! Та, сите тие, и тие на небесата и тие на Земјата, ќе Му**

**дојдат на Семилосниот како робови. Тој сите ги опфати и точно ги изброја, и сите на Судниот ден ќе Му дојдат еден по еден.“** (Куран, 19:88-95)

**„Пред тебе ниту еден Пратеник не испративме, а да не му објавевме: ‚Нема бог освен Мене, затоа Мене обожувајте Ме!‘ Тие велат: ‚Семилосниот си зел дете!‘ Возвишен нека е Тој! А мелеците се само робови почитувани.“** (Куран, 21:25-26)

**„Тој на Кого Му припаѓа власта на небесата и на Земјата, Кој нема дете, Кој во власта нема здруженик и Кој создаде сѐ и како што треба го уреди!“** (Куран, 25:2)

**„Да сакаше Аллах да има дете, ќе го избереше, меѓу тие што ги создал, тој што Тој би сакал. Возвишен е Тој; Тој е Аллах, Единиот и Семоќниот!“** (Куран, 39:4)

**„...а Тој – нека биде возвишено достоинството на Господарот наш! – не Си зел ни сопруга ни дете!“** (Куран, 72:3)

**„Месих, синот Мерјемин, е само Пратеник, и пред него доаѓаа и заминуваа Пратеници, а мајката негова беше вистинољубива; и двајцата јадеа храна. Погледни како Ние изнесуваме јасни докази и потоа погледни ги нив како се одметнуваат.“** (Куран, 5:75)

Јасно е, идејата дека Исус е Бог или дека бил син Божји е слаба низ целиот текст и логички невозможна, а Куранот јасно ја негира.

**Важни напомнувања**

Во ниту еден од светите христијански или муслимански списи, Марија не тврдела дека била Божја мајка, ниту дека нејзиниот син е Бог. Во Куранот на повеќе места е спомнато дека таа била побожна, честита жена.

Како мерка на предострожност, постојат многубројни ајети во Куранот кои исто така ги потврдуваат човечките атрибути на пратеникот Мухамед, за да се спречи неговите следбеници, по неговата смрт, да го воздигнат на божествен или полубожествен статус, како што тоа се случило со пратеникот Иса (мир над него).

На пример, во 18. Поглавје, Аллах му заповеда на пратеникот Мухамед (мир на него) со следниве зборови да ги извести сите оние што ја слушаат пораката:

> **„Кажи: ‚Јас сум човек како и вие, мене ми се објавува дека вашиот Бог е еден Бог. Па кој се надева на средба со Господарот свој, нека прави добри дела и во обожувањето на Господарот свој нека не Му припишува здруженик.'"** (Куран, 18:110)

## 6. Оживувањето на доктрината за вознесението на Исус (негирање на распнувањето)

Некои од промените кои се направени во пораката на пратеникот Исус по неговото воздигнување на небото се толку суштински што удираат во корените на христијанството. На пример, единствените две упатувања на вознесението на Исус кои се најдени во Евангелијата според Марко и Лука во верзијата на „Кралот Џејмс“ се отстранети од „Ревидираната Стандардна Верзија“, уредена во 1952. година. Пред уредувањето на овие пасуси, релевантните стихови гласат:

> **„А по разговорот со нив, Господ се вознесе на небо и седна од десната страна на Бога.“** (Марко 16:19)

> **„И кога ги благословуваше, се оддели од нив и се вознесе на небото.“** (Лука 24:51)

Релевантен пасус од Евангелието според Марко е отстранет, заедно со бројни други стихови кои веднаш претходеле и следеле, вкупно шеснаесет стихови.

Во „Ревидираната Стандардна Верзија“ од 1952. година во Евангелието според Лука 24:51 пишува: **„И кога ги благословуваше, се оддели од нив.“** Зборовите **„и се вознесе на небото“** се отстранети. [12]

---

[12] Стиховите од Марко 16:9-20, како и зборовите **„и се вознесе на небото“** од Лука 24:51, се вратени во 1971, и денес се наоѓаат во „Ревидираната Стандарнда Верзија“. (Заб. на прев.)

Исламот го оживеал верувањето во вознесението на Исус. Куранот ги потврдува најраните записи кои нè информираат дека Аллах го воздигнал кога неговите непријатели се обиделе да го убијат и да го распнат. Тој го заменил со друг кој личел на него и, всушност, тоа е човекот кој бил распнат. До денешен ден, христијаните веруваат дека токму Исус бил тој кој бил убиен и распнат.

Аллах во Куранот спомнал:

> **„Но затоа што (Евреите) заветот го прекршија и затоа што во Аллаховите докази не поверуваа, што без причина веровесниците ги убиваа и што говореа: ‚Нашите срца се во обвивка!' Аллах, поради нивното неверување, срцата им ги запечати, па само мал број од нив веруваат. И поради неверувањето нивно и поради изнесување тешки клевети врз Мерјем. И поради зборовите нивни: ‚Ние го убивме Месих, Иса, синот Мерјемин, Аллаховиот Пратеник.' А ниту го убија ниту го распнаа, туку само им се причини! Тие што не се согласуваа во мислењата за него, тие за тоа само се сомневаа; за тоа ништо сигурно не знаеја, само нагаѓаа; а сигурно е дека не го убија, туку Аллах го воздигна кон Себе! А Аллах е Силен и Мудар. И нема ниту еден следбеник на Книгата кој нема да поверува во него како што треба, пред неговата (Исаовата) смрт, а на Судниот ден тој против нив ќе сведочи.“** (Куран, 4:155-159)

## 7. Оживување на забраната за пророкување[13]

Знаењето за тоа што ќе се случи во иднината е единствениот атрибут на самиот Бог (Аллах). Никој не знае што ќе се случи во блиска или далечна иднина освен Него. Пророкувањето и гатањето е забрането во сите објавени списи бидејќи оној што се занимава со тоа, се обидува себеси да се воздигне на ниво на Аллах во поглед на преземање на една од Неговите возвишени особини.

Предвидувањето на времето не се смета за пророкување или гатање; ова е затоа што временската прогноза зависи од физички мерења и математички пресметки. Ова се разликува од пророкувањето и гатањето каде што човекот тврди дека знае што ќе се случи во иднина, токму како што и Бог знае. Навистина, само Тој е Сезнаен.

Мојсеј го забранил пророкувањето и гатањето. Во „Левитски закон" 19:26 се наведува: **„Не јадете ништо со крв и не гатајте според летот на птиците."**

Исламот ја оживеал оваа доктрина, која вели дека единствено Бог ја знае иднината. Бог (Аллах) во Куранот текол:

**„Само Аллах знае што ќе биде."** (Куран, 10:20)

Исто така појаснил:

**„Кажи: „Никој, освен Аллах, ни на небото ни на Земјата, не го знае гајбот (невидливото); и тие не знаат кога ќе бидат оживеани."** (Куран, 27:65)

Врз основа на тоа, исламот строго го забранува барањето на совет од гатач, пророк и сл.

---

[13] Гатањето има многу значења, од кои е и претскажувањето, пророкувањето и врачањето.

Пратеникот Мухамед (мир над него) рекол:

*„Ако некој побара совет од гатач или пророк и поверува во тоа што го слушнал, тогаш (тој човек) направил невера во она што му е објавено на Мухамед.“*[14]

[14] Хадисот го бележат Бухари и Давуд.

## 8. Оживување на забраната за гатањето

Осврнувајќи се на цитат од Стариот Завет (Левитски закон 19:26), гатањето е забрането во учењата на пратеникот Мојсеј (мир над него), пратеникот Исус (мир над него) и сите пратеници. Причината што стои зад тоа е дека гатачите и окултистите бараат помош од сотоната за да ја извршат својата магија, кое е спротивно на учењето на сите пратеници.

Исламот ја оживеал забраната за гатање.

Пратеникот Мухамед (мир над него) рекол: „*Избегнувајте ги седумте упропастувачки гревови.‘ Неговите следбеници прашале: ‚О, Аллахов Пратенику, кои се тие гревови:‘ Тој рекол: ‚Обожувањето на некој друг освен Аллах, практикувањето магија...*“[15]

Оживување на забраната на штетните практики.

Без сомнение, доктринарните учења во врска со вистинската природа на Аллах и Исус се оживеани преку исламот. Во исто време, некои од забраните врзани за штетните практики на индивидуалци и/или општества, на кои Исус и претходните пратеници ги учеле луѓето, исто така биле оживеани.

---

[15] Хадисот го бележат Бухари и Муслим.

## 9. Оживување на забраната за земање камата

Спроведувајќи го Законот, пратеникот Мојсеј се противел на давањето или земањето камата, бидејќи Стариот Завет изречно ја забранува каматата. Во „Повторени закони“ 23:19 е запишано дека Мојсеј рекол:

> **„Не му давај на братот свој со лихва, ниту сребро, ниту храна, ниту нешто друго, што се дава во заем со лихва.“**[16]

Исламот го оживува учењето на Мојсеј врзано за забраната на каматата;

> **„О, верници, плашете се од Аллах и откажете се од тоа што останало од каматата, ако сте верници.“** (Куран 2:278)

Има голема мудрост во забраната на каматата. Како прво, оној што стекнува приходи од каматата тоа го прави без никаква работа и ризик; исламот, за разлика на тоа, силно го поттикнува човекот со работа да заработува за својот живот. Второ, оној кој позајмува пари, тоа го прави поради недостаток на финансиски средства; меѓутоа, долгот (поради каматата) создава уште поголем товар бидејќи должникот мора да го исплати позајменото заедно со тешкото оптоварување на каматата. Трето, системот базиран на камата може да доведе до инфлација, рецесија и дури комплетен колапс на финансискиот пазар, за што сме сведоци во нашето време. Многу нации во развиениот свет и во светот во развој станале поробени од системот на лихварството и каматата.

[16] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 93. стр.

Неспорно е дека кризата на светската економија во 2009-2010 (и можниот колапс на многу светски економии), која почнала во Соединетите Американски Држави и се проширила во Европа и Азија, била предизвикана директното од прекумерното позајмување во количини неколкупати поголеми од реалната вредност на средствата во кредитите; ова ги раширило каматните наплати на многу препродадени кредити, што резултирало со претерана и нереална инфлација на вредноста на реално позајмените пари. Оваа лажна претстава на реалноста значела дека би било невозможно за повеќето должници да ги вратат таквите кредити. Семоќниот Бог ја забранил каматата на три места во Куранот:

**„Тие што се хранат од каматата нема да се кренат, освен како тој кого допирот на шејтанот го избезумил. Тоа е затоа што велат: ‚Каматата е иста како и трговијата'. А Аллах ја дозволил трговијата, а ја забранил каматата. На тој до кого ќе стигне поуката од Господарот негов, па се оттргне од тоа, му припаѓа тоа што претходно го стекнал, а неговиот случај Му е препуштен на Аллах. А тие кои тоа повторно ќе го сторат, ќе бидат жители на Огнот, каде вечно ќе останат.“** (Куран, 2:275)

**„О, верници, не јадете ја каматата, двократно и повеќекратно зголемена, и плашете се од Аллах за да бидете спасени!“** (Куран, 3:130)

**„И поради тешкото насилство на Евреите, Ние некои убави јадења кои им беа дозволени им ги забранивме, и поради тоа што многумина од**

**Аллаховиот пат одвраќаа. И затоа што земаа камата, а им беше забранета, и затоа што туѓите имоти на недозволен начин ги трошеа. А за неверниците меѓу нив, Ние болна казна подготвивме!“** (Куран, 4:160-161)

Во исламот, разликата помеѓу легитимната (дозволената) пракса наспроти забранетите пракси е мошне јасна. Исламот го дозволува позајмувањето на парите и долгот, но без наплата на камата. Всушност, во Куранот е силно охрабрено простувањето на долгот или на дел од долгот за да се отстрани тешкотијата на оној кому му е дадена позајмицата, особено ако тој или таа се во финансиски тешкотии; Аллах му ветил голема награда на оној кој е во можност да ја направи оваа жртва и да го прости долгот.

Муслиманите кои се придржуваат кон овие правила никогаш не страдаат од овие негативни последици. Меѓутоа, кога луѓето прават дела на непослушнст кон Севишниот Бог, им се случуваат катастрофални резултати. Така, искушенијата можат да дојдат во форма на последици по здравјето, финансиите, општествни проблеми, како и многу други ситуации. Затоа е јасно дека исламот ги предупредува луѓето во врска со многу сериозните општествени заболувања кои ги погодуваат нашите општества во денешно време. Исто така е јасно дека овие општествени заболувања се препознаени и докажани од страна на светските заедници како штетни. Ова е силен сигнал дека исламот е вистинската вера и дека Аллах (Фален нека е Тој) е вистинскиот Бог, еден единствен Возвишен Господар и Спасител.

## 10. Оживување на забраната за конзумирање на свинското месо

Исус никогаш не јадел свинско. Тој ги следел законите на Мојсеј и воопшто не јадел свинско. „Левитскиот закон“ 11:7-8 вели:

> **„...и свињата, бидејќи има раздвоени копита, а не прежива – нечиста да ви е. Од месото нивно да не јадете, ниту, пак, мршите нивни да ги допирате – тие се за вас нечисти.”[17]**

Па сепак, повеќето христијани денес јадат свинско. Исламот ја оживува забраната за консумирање на свинско месо. Во Куранот Аллах напомнува:

> **„Тој навистина ви ги забранува: мршата, крвта, свинското месо и тоа што е заклано во нечие друго име, а не во Аллаховото. А на тој што ќе биде приморан без своја волја и алчност, тогаш не е негов грев. Аллах навистина простува и Милостив е.“** (Куран 2:173)

---

[17]Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 83. стр.

## 11. Оживување на забраната за конзумирање на крв

Исус исто така не јадел ништо што содржело крв, ниту ја конзумирал самата крв. Запишано е дека Бог (Аллах) му заповедал на Пратеникот Мојсеј во Тората, „Повторени Закони“ 12:16: **„...само крв не јадете, истурајте ја на земјата како вода.“**

Во „Левитскиот Закон“ 19:26: **„Не јадете ништо со крв и не гатајте според летот на птиците.“**[18]

Оваа забрана е оживеана преку многу курански ајети, еден од кои спомнува:

> **„Кажи: ‚Јас не гледам во ова што ми се објавува дека на некого му е забрането да јаде што било друго освен мрша, или крв која истекува, или свинско месо, тоа е навистина нечисто...‘“**[19] (Куран 6:145)

---

[18] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 84. стр.

[19] Куранот (2:173) (спомнато порано) го забранува свинското месо како и крвта од било кое животно кое е дозволено да се јаде. Крвта мора да се испушти од закланото животно пред подготовката на месото за јадење.

## 12. Оживување на забраната на алкохолните пијалаци

Исус апстинирал од алкохолните пијалаци според упатствата запишани во „Броеви“ 6:1-4.

**„И му рече Господ на Мојсеја, велејќи: ‚Кажи им на синовите Израилови и речи им: ако маж или жена вети да Му се посвети на Господа, да даде завет за да се очисти со Господовата чистота, тој треба да се воздржува од вино и од сикер, и од вински оцет, и од оцет од сикер, и не смее да пие ништо приготвено од грозје, а не смее да јаде ни свежо, ниту суво грозје; во сите денови на својот завет тој не смее да јаде и да пие ништо, што е приготвено од грозје, – од семките до лушпите.‘“**[20]

Исламот неповратно ја оживува забраната на опојните средства. Аллах вели во Куранот:

**„О, верници, виното, коцката, идолите и стреличките за гатање се одвратни нешта, шејтаново дело; затоа избегнувајте ги, за да постигнете што сакате.“** (Куран 5:90)

[20] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 85-86. стр.

## 13. Оживување на забраната на прељубата (блудот)

Библијата укажува на прашањето на прељубата во Евангелието според Матеј 5:27-30 каде пишува:

**„Сте слушале дека на старите им било речено: ‚Не прељубодејствувај!‘ Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, тој веќе извршил прељуба со неа во срцето свое. Ако те соблазнува десното око, извади го и фрли го од себе; зашто подобро ти е да погине еден дел од твоето тело, отколку целото да биде фрлено во пеколот. И десната рака, ако те соблазнува, исечи ја и фрли ја од себе; оти подобро ти е да погине еден твој дел, отколку целото твое тело да биде фрлено во пеколот.“**

Исламот ја оживува забраната на прељубата сметајќи го блудот за едно од најгрдите и забранети дела. Аллах, Највозвишениот, во Куранот рекол:

**„...и тие кои покрај Аллах на друг бог не му се молат, и тие, коишто Аллах ги забранил, не ги убиваат, освен кога правдата бара, и кои не прават блуд; а кој тоа го прави, ќе ја искуси казната.“** (Куран 25:68)

Аллах исто така спомнува:

**„И не приближувајте му се на блудот, бидејќи тоа е разврат, колку лош пат е тоа!”** (Куран 17:32)

Како претпазливост од мамењето и блудот, сите дела кои можат да водат до овие активности исто така се забранети. Така, исламот строго им го забранил на мажите осамувањето со жени со кои не се во сродство, потоа слободното мешање со нив, дури и ракувањето со нив. Во исто време, ги охрабрува мажите и жените да се облекуваат скромно и жените да зборуваат со сериозен глас кој не е заводлив и примамлив во комуникацијата со мажите.

Во овој момент може да се расправа за мудроста на забраната на прељубата. Одговорот на тоа е дека интимниот однос надвор од светата врска на бракот води до бројни негативни ефекти. Некои од овие вклучуваат болести како ХИВ/АИДС, потоа децата кои доаѓаат од вонбрачни врски се гледаат на посебен начин во општеството и се сметаат како да немаат лоза. Дури и повеќе, вонбрачните деца се деструктивни за семејниот систем, којшто е толку скапоцен во исламот, како и за самото општество.

Заедно со доктринарните учења во врска со природата на Аллах и Исус кои се оживеани со исламската религија, некои од деталните практики кои се однесуваат на секојневниот живот со кои Исус и претходните пратеници учеле со својот пример, исто така се оживеани, За да ја продолжиме нашата листа, следуваат неколку примери на ваквите учења.

## 14. Оживување на ритуалното миење пред молитвата

Важноста на миењето е очигледна кога ќе се потсетитме дека тоа е форма на подготовка за молитва, при што верниците се чистат кога се подготвувааат да застанат пред Аллах, Семоќниот Создател.

Исус ги миел своите раце и нозе пред извршувањето на молитвата, според учењето на Стариот Завет. Забележано е дека Мојсеј и Арон го правеле истото во „Исход" 40:30-32:

**„Го намести и мијалникот меѓу скинијата на сведоштвото и жртвеникот, и налеа во него вода за миење; и од него Мојсеј и Арон и синовите негови си ги измија рацете свои и нозете свои; ... како што му беше заповедал Господ на Мојсеја."**[21]

### Со исламот се оживува практиката на миењето пред молитвата

Исламот го оживува плакнењето со вода пред молитвата, во Куранот се заповеда:

**„О, верници, кога ќе сакате намазот (молитвата) да го извршите, лицата свои и рацете свои до зад лактите измијте ги – а дел од главите свои допрете ги – и нозете свои до зад зглобовите..."** (Куран 5:6)

Пратеникот Мухамед (мир над него) ги учел своите следбеници (со своите изјави и со личниот пример) дека преку „чистењето" се подразбира миење на дланките,

---

[21] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 86-87. стр.

плакнење на устата, миење на лицето, миење на рацете, допирање на главата со влажни раце и на крајот миење на стапалата.

## 15. Оживување на физичкото извршување на молитвата

Исус ги извршувал своите молитви физички, а не само внатрешно. Во Евангелието според Марко 14:32 се наведува:

> **„Пристигнаа во пределот, по име Гестиманија; и им рече на учениците Свои: ‚Седете овде, додека отидам да се помолам!'"**

Во Лука 5:16: **„А он се повлекуваше во осамени места и се молеше."**

Исламот ја оживеал молитвата како главен чин на богослужење. Аллах им заповедал на верниците да ја извршуваат молитвата во бројни курански ајети, на пример:

> **„И намаз (молитва) извршувајте и зекат давајте; и со тие кои го извршуваат намазот и вие извршувајте го!"** (Куран 2:43)

Пратеникот Мухамед (мир над него) ги учел своите следбеници (преку зборови и дела) дека извршувањето на молитвата вклучува стоење, поклонување и паѓањето со лицето на земја. Интересно е дека начинот на извршувањето на молитвата во исламот е повеќе во согласност со начинот на кој Исус учел од оној кој христијаните денес го користат. Според Исаија (45:23), заблежано е дека Бог кажал: **„...пред Мене ќе се преклони секое колено."**

Според Евангелијата е опишано дека Исус се поклонувал во текот на молитвата. Начинот на поклонување во молитвата не изгледало како нивна лична одлука. Тоа бил начинот на молитва на претходните пратеници. Во

Стариот Завет, „Битие“ 17:3 е запишано дека пратеникот **„Аврам падна ничкум...“** на земјата во молитвата; во Броеви 16:22 е запишано дека и двајцата, Мојсеј и Арон **„А тие паднаа ничкум...“** со лицето на земјата при молитвата и 20:6 **„Тогаш Мојсеј и Арон се повлекоа од народот, кон влезот од скинијата на сведоштвото, и паднаа ничкум...“**; во „Исус Навин“ 5:14 **„Исус падна ничкум на земја...“** и 7:6 **„Исус ја раскина облеката своја и падна ничкум на земјата...“**; во „Четврта книга Царства“ 18:42 Илија **„...се наведна кон земјата, го стави лицето меѓу колениците свои.“** Ова било практика на пратениците.[22]

Христијаните денес се молат стоејќи и седејќи, притоа склопувајќи ги рацете, но тој начин не може да му биде припишан на Исус или на другите пратеници.[23]

Врз основа на многу кажувања на пратеникот Мухамед (мир над него), гледаме како тој ги учел своите следбеници на начинот за извршување на молитвата, влучувајќи го поклонувањето при клањањето на Аллах.

[22] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 87-88. стр.
[23] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 87. стр.

## 16. Оживување на задолжителната милостина (*зекатот*)

Исус (мир над него) ја потврдил институцијата на задолжителна милостина позната како „десеток (десетина)“, која се бара од годишната жетва.

> **„Одделувај десеток од секој плод на семињата свои, род од нивите твои секоја година.“** (Повторени закони 14:22)[24]

Куранот е оживување на учењето на Исус. Тој ги учи муслиманите да плаќаат милостина во време на жетва. Аллах споменал:

> **„Тој е Тој што ги создава градините, заградени и незаградени, и палмите и посевите со различни вкусови, и маслинките и шипинките, слични и различни; јадете ги плодовите нивни кога ќе дадат плод, и дадете го на денот на жетвата и на бербата тоа на што другите имаат право,[25] и не трошете неумерено, бидејќи Тој не ги сака неумерените!“** (Куран, 6:141)

Системот на милостина е добро организиран; тој обезбедува различни приходи за готовина, благородни

---

[24] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 91. стр.

[25] Се однесува на 10% кога културите се наводнуваат по природен пат на пр. врнежи и сл., или 5% кога се работи за полиња кои се наводнуваат рачно. Оваа задолжителна милостина се плаќа и во други материјални добра, како добиток, трговска стока итн.

метали, разновидна трговска стока, земјоделски производи и добиток.[26] Целта на милостината е мошне добро дефинирана; се однесува на обезбедување на социјална поддршка на луѓето со потреби во општеството, а не со тоа да му се обезбеди на свештенството удобен живот.[27]

Категориите на оние што имаат право на примање на таквата милостина се исто така јасно дефинирани во Куранот;

> **„Зекатот им припаѓа само на сиромашните и на тие што имаат потреба, и на тие што го собираат, и на тие чиишто срца треба да се придобијат, и за откуп од ропство, и на презадолжените, и за цели на Аллаховиот пат и за патникот. Аллах така одредил! А Аллах сè знае и Мудар е.“** (Куран, 9:60)

Во исламот, иако зекатот е задолжителен, доброволната милостина е многу пофалена и поттикнувана. Честопати, муслиманите даваат многу повеќе од своето богатство од задолжителното минимално количество. Тие постапуваат така бидејќи за милостината која е заснована врз искрени намери Бог ветува големи награди. Во историјата на исламот има луѓе кои им го давале на сиромашните целото свое богатство, барајќи го Аллаховото задоволство преку ова исклучително дело на милост.

---

[26] На пример, износот на милостоната (зекатот) за готовина откако ќе помине една година е 2.5%.

[27] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 92. стр.

## 17. Оживување на постот

Според Евангелијата, Исус постел четириесет дена. Во Евангелието според Матеј 4:2 се вели: **„И како постеше четириесет дни и четириесет ноќи, најпосле огладне.“**[28] Ова бил начинот на постење во согласност со практиката на претходните пратеници. За Мојсеј исто така се пренесува во „Исход“ 34:28 дека постел на сличен начин. **„И остана Мојсеј таму пред Господа четириесет дена и четириесет ноќи, не јадејќи леб и не пиејќи вода; и ги напиша врз плочите зборовите на Заветот, Десетте заповеди.“**[29]

Куранот оживува многу учења на Исус и Мојсеј. Тој ги учи верниците да постат во текот на месецот рамазан.

Аллах спомнал во Куранот дека постот им е нареден на муслиманите, како што им бил нареден на претходните народи.

> **„О, верници! Ви се пропишува пост, како што им е пропишан и на тие пред вас, за да бидете богобојазни.“** (Куран, 2:183)

Освен тоа, пратеникот Мухамед (мир над него) во хадисот потврдил дека пратеникот Давид постел прописно; рекол:

*„Еден ден пости, а еден ден не пости, Тоа е постот на Давуд (мир над него),*[30] *и тоа е највредниот пост.“*[31]

---

[28] Исто така види Матеј 6:16 и 17:21.

[29] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 92. стр.

[30] Ова се однесува на доброволниот пост, а не на задолжителниот пост пропишан во текот на месецот рамазан.

[31] Хадисот го бележат Бухари и Муслим.

## 18. Оживување на поздравот на мирот

Според др. Билал Филипс, Исус своите следбеници ги поздравувал со зборовите „мир со вас“ т.е. „селам“. Овој поздрав е ист како оној спомнат во книгита на Стариот Завет. Во „Прва книга Царства“ 25:6, пратеникот Давид ги упатил застапниците кои ги испратил кај Навал: **„...и кажете му вака: ‚Мир на тебе, мир на твојот дом, мир на сè што е твое!‘“**[32]

Исламот е вера на мирот и на почитувањето на другите. Тој ги оживува благородните морални учења.

Куранот им заповеда на сите оние кои влегуваат во куќите да се поздравуваат со поздрав на мирот; Аллах исто така им заповедал на верниците едни со други да се поздравуваат со овој поздрав:

> **„А кога ќе ти дојдат тие кои во зборовите Наши веруваат, ти кажи: ‚Мир со вас!‘“** (Куран 6:54)[33]

Пратеникот Мухамед (мир над него) исто така ги учел своите следбеници да го упатуваат овој поздрав еден на друг кога и да се сретнат. Поздравот на мирот се шири дури и до небесата, а ангелите исто така ќе ги поздравуваат со пораката на мирот оние што ќе влегуваат во Рајот.

[32] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 90. стр.
[33] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 90-91. стр.

## 19. Оживување на покривањето (*хиџабот*)[34] за жените

Жените од опкружувањето на Исус се покривале според практиката на жените од времето на претходните пратеници. Нивните фустани биле долги и целосно ги покривале нивните тела, и тие носеле превези кои им ја покривале косата. Во „Битие" 24:64-65 се наведува:

> **„Ревека, откако ги подигна очите свои и го виде Исака, слезе од камилата и го праша слугата: ‚Кој е оној човек, што преку полето ни доаѓа во пресрет?' А слугата одговори: ‚Тоа е господарот мој.' – Тогаш таа зеде превез, па се покри."**[35]

Исламот ја охрабрува пристојноста. Муслиманките се упатени да ги покриваат своите тела и носат марами кои ги покриваат нивните глави и гради. Аллах рекол:

> **„А кажи им на верничките нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места свои; и нека не ги покажуваат украсите свои освен тоа што е и онака надворешно, и нека ги спуштат веловите свои на градите свои; нека не им ги покажуваат украсите свои на другите..."** (Куран, 24:31)

Мудроста на покривањето е објаснета во Куранот каде Бог наведува дека хиџабот ја штити жената од можна социјална штета.[36] Оти, покривањето ги обесхрабрува

---

[34] Во случаите каде сме одлучиле да го задржиме арапскиот термин, зборот е прикажан со транслитерација со коси букви кога за првпат ќе се појави во текстот.

[35] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 88. стр.

[36] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 89-90. стр.

мажите со нечесни намери да им приоѓаат на жените. Во Куранот Бог наредува:

> **„О, Веровеснику, кажи им на жените свои, и на ќерките свои, и на жените на верниците нека си го покријат целото тело со своите наметки. Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани. А Аллах простува и Милостив е.“**
> (Куран 33:59)

Во денешното општество, занемарувањето на хиџабот довело до тоа жената да стане обичен предмет, при што таа се користи како тело со кое треба да се постигне задоволство и потоа, без размислување, да се отфрли. Не е изненадување што многу компании во денешно време користат полуголи или голи жени како рекламни реквизити за да ги привлечат клиентите да ги купат нивните производи. Останува фактот дека дури и во очите на оние кои жените ги користат како предмети, се сметаат за скромни само оние жени кои се покриваат и не се изложуваат на будното око на јавноста.

## 20. Оживување на многуженството

Не постои запис со кој пратеникот Исус му се спротивставил на многуженството. Постојат многубројни примери на такви бракови меѓу пратениците забележани во Стариот Завет. Пратеникот Аврам имал две жени, според „Битие“, 16:3:

**„...Сара, жената Аврамова, ја зеде слугинката своја, Египтјанката Агара, и му ја даде на мажот свој Аврама за жена.“**

Исто така и пратеникот Давид (мир над него), според „Прва книга Царства“ 27:3 имал повеќе од една жена:

**„Давид и двете жени негови – Израилката Ахиноама и Кармелитката Авигеја, бивша Навалова жена.“**

Во „Трета книга Царства“ 11:3, кажано е дека Соломон имал: **„...седумстотини жени и триста наложници“**

Според „Втора книга Летописи“ 11:21, Ровоам, синот на Соломон имал мноштво жени.

**„Ровоам ја сакаше Маха, Авесаломовата ќерка, повеќе од сите свои жени и наложници, зашто тој имаше осумнаесет жени и шеесет наложници...“**

Стариот завет дури одредува закони во врска со поделбата на наследството во околности на многуженство, што укажува на тоа дека таа практика била нормална во едно општество.

**„Ако некој има две жени – едната омилена, а втората несакана, па тие и двете му родат синови**

**и ако првородениот син му е од несаканата жена, тогаш, при поделбата на имотот меѓу синовите, тој не може да даде првенство на синот од омилената жена, наместо на првородениот од несаканата...“** (Повторени закони 21:15-16)[37]

Исламот ја оживува оваа практика на претходните пратеници, но наметнува строги ограничувања во многуженството. Ја дозволува женидбата до четири жени, со строги услови на пропишување на правдата и еднаквиот третман на жените како основен услов за многуженството. Во Куранот Аллах вели:

**„...тогаш женете се со жените што ви се дозволени, со по две, со по три, и со по четири! А ако се плашите дека нема да бидете праведни, тогаш само со една, или со тие што се во ваша сопственост!“** (Куран, 4:3)

Единственото ограничување во полигамијата запишано во претходните списи е забраната за земање на сестрата на жената како конкурент.

**„Не земај ја за наложница сестрата на твојата жена за да ја откриеш голотијата нејзина пред неа, сѐ уште додека е жива таа.“** (Левит, 18:18)[38]

Овој закон е исто така применет и во исламот, како што е запишано во Куранот 4:23:

**„Ви се забрануваат: мајките ваши, и ќерките ваши, и сестрите ваши, и сестрите на татковците**

[37] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 94. стр.
[38] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 95. стр.

**ваши, и сестрите на мајките ваши, и ќерките од браќата ваши и од сестрите ваши, и помајките ваши што ве доеле, и сестрите ваши по млеко, и мајките на жените ваши, и паштерките ваши кои се под ваша закрила од жените ваши со кои сте имале брачни односи, - но ако со нив не сте имале брачни односи, тогаш не правите грев! - и жените на вашите родени синови, и две сестри одеднаш да ожените, освен тоа што било претходно! Аллах навистина простува и Милостив е!“**

## 21. Оживуваање на обрежувањето

Исус бил обрежан. Според Евангелието според Лука 2:21:

**„А кога се навршија осум дена, за да биде обрезан Младенецот, Му кладоа име Исус, известено од ангелот уште пред да биде зачнат во утробата.“**

Според Стариот Завет, пратеникот Аврам (мир над него), кој не бил ниту Евреин ниту христијанин, бил првиот кој е обрежан. Во „Битие“ 17:9-12 е запишано:

**„И му рече Бог на Авраама: ‚Ти, пак, запази го заветот Мој, ти и потомството твое по тебе во нивните родови! А ова е заветот Мој меѓу Мене и вас и потомците твои во нивните родови, што ќе го пазите: секое машко од вас нека биде обрежано. А ќе обрежувате крајче од телото свое; тоа ќе биде знак на заветот меѓу Мене и вас. Секое машко дете кога ќе наполни осум дена по раѓањето, низ целото ваше потомство, да биде обрежано.“**

Меѓутоа, повеќето христијани денес не се обрежани поради образложението воведено од страна на Павле, кој тврдел дека обрежувањето, всушност, е обрежување на срцето. Во неговото послание до Римјаните 2:29 тој напишал:

**„...туку оној (Јудеец), кој е внатрешно таков, и она обрежание, што е во срцето, по дух, а не по буква.“**

Во своето послание до Галатјаните 5:2 тој напишал:

**„Еве, јас, Павле, ви велам: ако се обрежувате, Христос ништо нема да ви помогне.“**

Ова била погрешна интерпретација на Павле. Исус не бил обрежан во срцето ниту рекол било што за обрежувањето на срцето. Тој се придржувал кон „вечниот завет“ и бил телесно обрежан.[39]

Исламот ја оживува практиката на обрежувањето. Во хадисот се пренесува дека пратеникот Мухамед (мир над него) рекол:

*„Постојат пет практики кои одговараат на природните човечки стремежи: бричењето на срамните влакна и пазувите, обрежувањето, кратењетето на ноктите од рацете и нозете.“*[40]

[39] Филипс: Вистинската порака на Исус Христос, 81-82. стр.
[40] Хадисот го бележат Бухари, Муслим и други.

# Зошто исламот?

**Секој човек треба да се врати во исламот** бидејќи тоа е вистинското природно верување, стекнато со раѓањето на секој човек и изворна трага на секоја човечка душа кога ќе се роди.

**Секој човек треба да се врати во исламот** бидејќи Аллах ги запечатил и со него ги заменил сите претходни пораки. Аллах им порачува на сите луѓе во Куранот:

> **„Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера...“** (Куран, 5:3)

**Секој човек треба да се врати во исламот** бидејќи луѓето од сите возрасти мора да го обожуваат својот Господар (Аллах) според Законот кој е пропишан од Негова страна, а на начин како му е објавено на Неговиот Пратеник (мир над него). На пример, на племињата на Израел им било наредено да го обожуваат Алллах според Законот на Мојсеј. Кога им бил испратен пратеникот Исус, им било наредено да го обожуваат Аллах според она што е пропишано со Евангелието. Потоа, кога Аллах го испратил пратеникот Мухамед (мир над него) на сите луѓе со пораката на исламот, таа порака им станала должност на сите луѓе, **на племињата на Израел, и на сите други,** да го прифатат исламот.

Впрочем, што може да биде посериозно од одбивањето на религијата која Создателот и Одржувачот на сè, ја заповедал на целото човештво? Навистина, одбивањето

на таа вера е голема неправда направена од страна на луѓето. Жално но вистинито е ако човекот умира во ваква состојба, тој или таа ќе бидат казнети и фрлени во огнот на пеколот каде вечно ќе престојуваат. Овој концепт стотина пати е истакнуван во Куранот и во изјавите на пратеникот Мухамед (мир над него). Аллах во Куранот кажал:

> **„А тој што сака друга вера освен исламот, нема да му биде примена, и тој на оној свет ќе биде меѓу губитниците.“** (Куран, 3:85)

Исто така, пратеникот Мухамед (мир над него) рекол:

*„Кој од Евреите и христијаните слушне за мене, и не поверува во она со што сум испратен и умре во таква состојба, ќе биде жител на огнот.“*[41]

Забележуваме дека Аллах кажал во пророштвото на „Повторените закони“ 18:19:

> **„...а кој не ќе ги послуша зборовите што ќе ги говори оној Пророк во Мое име, Јас ќе му се одмаздам.“**

Бидејќи во некои книги веќе е докажано дека еден од пратениците на кого се мисли во овој псалм е пратеникот Мухамед (мир над него), ова значи дека кој и да верува во Библијата, мора да верува во овој пратеник и во она што тој го вели; во спротивно, тој или таа ќе бидат повикани на одговорност поради тоа. Откако ќе разбереме за тоа кој е тој пратеник, логично следува дека мора да се придржуваме кон неговите учења.

Има такви кои не сакаат да го прифатат исламот бидејќи мислат дека со прифаќањето на исламот им го

---

[41] Хадисот го бележи Муслим.

свртуваат грбот на пратениците кои Бог ги испратил. Ова е погрешно поради следново:

**Прво**, верувањето во сите Божји пратеници е столб на исламското верување и затоа ниеден муслиман не е муслиман ако тој или таа не веруваат во Исус, Мојсеј и во останатите пратеници.

**Второ**, верувањето во Аллаховите пратеници е дел од она на кое секој пратеник поучувал (т.е., секој од пратениците го повикувал својот народ да поверува во следниот пратеник што ќе дојде по него).

Така што одбивањето на еден Пратеник е исто како и одбивање на претходните пратеници.

**Трето**, одбивање на било кој од пратениците се смета за одбивање на Оној Кој ги испратил, а тоа е Возвишениот Бог.

**Четврто**, исламот им ветува на следбениците на претходните вери големи награди ако го додадат верувањето во исламот на верувањето на нивните претходни вери.

Пратеникот Мухамед (мир над него) рекол:

*„Три видови луѓе ќе бидат двократно наградени: луѓето меѓу следбениците на Книгата (Евреи и христијани) кои верувале во својот пратеник (Исус или Мојсеј) и потоа поверувале во пратеникот Мухамед (прифаќајќи го исламот)...“*[42]

Првата награда е затоа што бил верник или верничка во својата претходна вера, пред тој или таа да дознаат за исламот; втората награда е за признавањето на вистината и верувањето во исламот.

---

[42] Хадисот го бележи Бухари.

Значи, исламската перспектива на односот помеѓу пратениците е како однос на верижна врска; отфрлувањето на еден од нив се смета како отфрлување на сите останати. Затоа, да се биде муслиман, значи да се има чест да се верува во сите пратеници кои дошле пред пратеникот Мухамед (мир над него), а не значи да се сврти грбот на било кој од нив.

**На крајот, ние мораме да го прифатиме исламот** бидејќи исламот ги оживеал вечните и возвишени учења кои биле заборавени или претходните учења биле искривени. Исламот ги задржува и ги одржува практичните учења спомнати во претходните списи кои се дел од вродените права на сите луѓе до крајот на овој свет.

# Последен повик на разум

Завршен предлог: размисли за тоа што сите имаме заедничко. Ајде да размислиме заедно:

> **„Кажи: ‚О, следбеници на Книгата, дојдете да се собереме околу зборот, и нам и вам заеднички, никого освен Аллах да не обожуваме, ништо да не Му здружуваме, и едни со други, покрај Аллах, за божества да не се сметаме!‘ Па ако не се согласат, вие кажете: ‚Бидете сведоци дека ние сме муслимани!‘“** (Куран 3:64)

„Следбеници на Книгата“ е почесен назив даден на Евреите и христијаните во Чесниот Куран. На муслиманите им е наредено да ги повикуваат со благородни зборови полни со почит:

О, следбеници на Книгата, о, учени луѓе, о, луѓе кои тврдите дека сте следбеници на возвишената Објава на Светото Писмо, да се собереме околу заедничката платформа: да не славиме никого освен Аллах, бидејќи никој освен Него не е достоен за обожување, бидејќи тој е нашиот Господар и Спасител, наш Одржувач и Снабдител, достоен за сите пофалби, молитви и посветеност.

Овие вистини се основа и составни делови на интелектот на секое човечко суштество. Размислувајте надвор од слоевите на индоктринацијата кои ги сокриваат едноставните факти и ќе бидете во можност да видите дека длабоко во себе, секое човечко суштество го задржува едноставниот и очигледен концепт за еден вистинит Бог. Всушност, секое човечко суштество се согласува дека постои само еден Бог достоен за обожување, еден Бог кој е без партнер, помагач или било што лажно да Му се припишува.

# Ова е тоа

Во оваа книга ви е посочен Вистинскиот пат и Аллах ви ја дал можноста да го разликувате правилното од неправилното; исто така, Тој ви ја дал слободата на избор да ја прифатите или отфрлите пораката на исламот. Ако го прифатите Неговиот повик, ќе бидете топло пречекани во рајот. Ако го одбиете, ќе се соочите со најголемата загуба која можете да ја замислите: губење на рајот и загарантиран престој во огнот на пеколот, засекогаш. Застанете еден момент и размислете што, всушност, значи вечноста. Тоа е многу застрашувачко остварување.

**Вие кои сте биле верни христијани**, ќе имате пријатно добредојде по прифаќањето на исламот бидејќи:

- Исус барал од своите следбеници да го следат Мухамед (мир над него) кога и да се појави тој,[43]
- Кога Исус ќе се врати во светот, ќе ја потврди својата припадност кон исламот и ќе го следи неговото учење.

Да, бидејќи Исус ги повикувал своите вистински следбеници да ги следат тие учења додека бил на Земјата, тој ќе ги следи кога ќе се врати, и затоа сите правоверни христијани исто така би требало да го следат исламот.

**За оние што биле верни Евреи**, запомнете дека пратениците Аврам и Мојсеј целосно Му се предавале на својот Господар, без разлика дали Го нарекувале Елохим, Бог, Елох или Аллах. Целата гордост кон нацијата или

[43] За понатамошна дискусија видете: „Што вели Библијата за Мухамед“ од Ахмед Дидат, издание на македонски јазик. (Заб. на прев.)

предците е залудна: она што ќе се смета на крајот е вашата индивидуална врска со вашиот Создател. Тоа значи целосно предавање – ислам.

**За оние од другите вери или кои досега не чувствувале дека се припадници на било која вера**, размислете за оваа порака **сега**, без никакво двоумење и колебање, пред да биде предоцна; **пред да ве стигне смртта**. Тоа може да биде наскоро. Кој знае? Само Бог знае.

# Шепот

Некои луѓе не се во можност да ја пронајдат вистината поради својата слепа приврзаност кон своите верувања. Нивната упорна приврзаност обично не е заснована на интелектуалното разбирање на учењето, туку на моќните културолошки и емоционални влијанија. Бидејќи израснале во одредено семејство или општество, тие цврсто се придржуваат кон верувањето на тоа општество, верувајќи дека се придржуваат кон вистината.

Постојат и други кои се убедени во вистинитоста на исламот и ментално се подготвени да го прифатат. Меѓутоа, кога ќе дојдат до сознание дека ќе дојде до драстична промена во нивните животи, тие се наклонети кон тоа да се откажат и да го променат своето мислење и одлука.

Еве им тивок шепот:

Без оглед на количеството пари, престиж, статус и моќ кои неверникот може да ги поседува во овој живот, тој или таа нема никогаш да имаат доволно за да можат да купат влез во рајот. На овој свет, најсиромашните меѓу жителите на Земјата кои ја посведочиле вистината за исламот ќе бидат далеку посреќни и подостоинствени од најбогатите луѓе кои не ја прифатиле пораката на исламот.

Отфрлувањето на Аллаховата порака е најголемиот грев кој може да се изврши. Од таа причина, додека душата е сè уште во телото на човекот, истата треба мудро и брзо да ја искористи околноста: бидејќи сè уште е жива и има можност да ја прифати Аллаховата порака пред да стане предоцна. Времето на покајување е ограничено за

секој човек. Штом дојде смртта, повеќе не е можно да се добие прошка.[44] Аллах рекол во Куранот:

> **„Кога на некој од нив смртта ќе му дојде, тој извикува: ‚Господару мој, поврати ме да направам некакво добро во тоа што го оставив!' – Никогаш! Тоа се зборови кои тој залудно ќе ги говори..."[45]**
> (Куран 23:99-100)

Без сомнение, религијата е најбитниот аспект во животот на еден човек затоа што таа влијае на начин од кој зависи дали човек е на вистински пат или не; значи, од тоа следува дека изборот на вистинската вера е најбитната лична одлука која поединецот може да ја направи; оваа одлука мора да биде заснована врз јасност и целосно убедување. Кога станува збор за прашања околу религијата и вероисповедта, ништо не смее да се остави на случајност, затоа што оној што е правилно воден – наспроти оној што не е – сигурно ќе ја најде вечната среќа на овој и на оној свет.

Бидејќи се претставени претходните докази, кој и да има здрав интелект може да анализира и да резонира; крстосницата е достигната, на којашто Аллах (Славен е Тој) ги повикува сите луѓе да го следат јасниот, Вистински пат и да ги заобиколат сите магливи, искривени патишта. Вистинскиот пат сега станал поинаков од лошиот пат, како што Аллах спомнал во Куранот:

---

[44] Извадок од „Мојата голема љубов кон Исус ме доведе до исламот" од Карабаљо.

[45] Неверниците ќе бараат „втора шанса" кога ќе ги видат ангелите како се подготвуваат да ги казнат, но ќе биде предоцна; дадено им е време, интелект и водство, но тие со години го порекнувале сѐ додека не им дошол крајот.

**„Нема присилба кон верата, Вистинскиот пат јасно се разликува од заблудата! Тој што не верува во тагутот, а верува во Аллах, се држи за најцврстата врска, којашто нема да се прекине! А Аллах сè слуша и сè знае.“** (Куран, 2:256)

Моја должност и одоговорност, како жител на оваа планета, и како оној кој ја предал својата слободна волја на законот и на заповедите на Возвишеното Битие, е да ги повикам сите луѓе да се откажат од сите форми на обожување на лажните божества, да престанат да веруваат во киповите, иконите, светците, сфингите, фигурите, амајлиите, талисманите, потковиците, петокраките или било што друго што е направено од страна на луѓето, или било што друго што е создадено. По покајанието, човекот треба потполно да ѝ се предаде на волјата на Аллах, единствениот Бог на универзумот.

# Како да станете муслиман

Секоја вера има свои сопствени услови за преобраќање: ако некој сака да стане Евреин, тој/таа мора да бидат во состојба да се обврзат на следново:

1. Да влезат во вечниот завет помеѓу Бог и луѓето на Израел и да станат Евреи со негова/нејзина слободна волја.
2. Да го прифатат јудаизмот исклучувајќи ги сите други религиски вери и практики, што значи и порекнување на Исус и Мухамед и порекнување на откровенијата кои Бог му ги испраќа на човештвото преку нив.
3. Да се обврзат на целосна лојалност на јудаизмот и еврејскиот народ под сите околности;
4. Да се посветат на изучувањето на Тората и еврејското знаење; и
5. Да ги воспитуваат своите деца како Евреи.

За да станете христијанин, вие мора да:

1. Верувате дека (Аллах) има партнер, мајка и син;
2. Верувате дека секое новороденче е грешно;
3. Верувате дека Бог станал човек и се спуштил на Земјата за да умре и да биде распнат на крстот поради грвовите на луѓето;
4. Да го порекнувате Мухамед јавно; и
5. Да порекнувате дека Куранот е објава од Аллах.

Меѓутоа, да станеш муслиман е лесно:

1. Да посведочиш дека никој не заслужува да биде славен освен единиот вистински Бог (а притоа да ги одречеш сите лажни богови);
2. Да посведочиш дека Мухамед е Негов гласник;
3. Верување во сите шест основи на верата; и
4. Обожување на Аллах онака како нѐ научил Неговиот пратеник Мухамед.

Значи, да станеш муслиман/ка е едноставен и лесен процес. Ако некој има вистинска желба да стане муслиман и има целосно уверување дека исламот е вистинската Божја вера, сѐ што треба да направи е да го изговори *шехадетот*, т.е. да го каже сведоштвото на исламот. Изговарањето на ова сведоштво од искрено срце го воведува човекот во исламот. Тоа е главната врата на исламот.

Пратеникот Мухамед рекол: *„Кој и да посведочи дека никој не заслужува да биде обожуван освен Аллах, Кој нема содружник, и дека Мухамед е негов роб и пратеник, и дека Исус е Аллахов роб, Негов пратеник, и Неговата реч*[46] *која Тој ѝ ја доставил на Марија и душата создадена од Него; и дека рајот е вистина, и дека пеколот е вистина, Аллах на крајот, покрај неговите дела, ќе го воведе во рајот.“*[47]

Првиот дел од сведоштвото се состои од најважните зборови на вистината кои Аллах досега им ги објавил на Своите благородни Пратеници: *„никој не заслужува да биде обожуван освен Аллах“*. Тој во благородниот Куран рекол:

[46] Значи дека Исус е создаден кога Аллах го рекол „зборот“: Биди; кога Тој го рекол тоа, Исус бил создаден во матката на неговата мајка, Марија.
[47] Хадисот го бележи Бухари.

**„Пред тебе ниту еден пратеник не испративме, а да не му објавевме: ‚Нема бог освен Мене, затоа Мене обожувајте Ме!'"** (Куран, 21:25)

Потврдувањето на ова сведочење подразбира дека сите форми на богослужење, без разлика дали тоа е молитва, пост, молба, барање засолниште и помош, мора да Му се упатат единствено на Аллах. Насочувањето на било какво богослужење кон нешто друго покрај Аллах (било да е тоа ангел, пратеник, Исус, Мухамед, светец, идол, сонце, месечина или дрво) се смета за контрадикторно на основната порака, не само на исламот, туку исто така и на сите пратеници; тоа е непростлив грев на Судниот ден, освен ако за тоа човекот не се покае пред смртта.

Вториот дел на сведоштвото значи дека пратеникот Мухамед е слуга и избран гласник на Аллах. Ова подразбира дека вистинскиот муслиман ги почитува и ги следи наредбите на Пратеникот спомнати во изворите на неговите кажувања. Потребно е да се верува во она што тој го кажал, да се практикуваат неговите учења и да се избегнува она што тој го забранил бидејќи тие кажувања, всушност, биле откровенија и инспирација од возвишениот Аллах.

Како што е спомнато порано, Пратеникот Мухамед бил испратен за да го примени практично Куранот преку неговите зборови, дела, законодавство, како и останатите животни аспекти. Кога Аиша (нека е Аллах задоволен со неа), жената на Пратеникот, била запрашана за неговиот карактер, одговорила:

*„Неговото однесување беше според Куранот."*[48]

[48] Хадисот го бележат Муслим и Давуд.

Значи, вистинско придржување кон вториот дел од сведоштвото е следење на неговата практика во сите сфери на животот. Аллах рекол:

**„Кажи (о, Мухамеде ): ‚Ако Аллах Го сакате, тогаш мене следете ме, и вас Аллах ќе ве сака и гревовите ќе ви ги прости!‘ А Аллах простува и Милостив е.“** (Куран, 3:31)

Вистинскиот муслиман мора да се обиде да го обликува неговиот/нејзиниот живот и однесување за да го следи Пратеникот, бидејќи тој им бил на луѓето од Бога жив пример за следење. Аллах му кажал на Својот Пратеник;

**„...бидејќи ти навистина имаш најдобар карактер.“** (Куран, 68:4)

Аллах исто така им рекол на сите луѓе:

**„Вие во Аллаховиот Пратеник имате прекрасен пример за тој што се надева на Аллаховата милост и на награда на оној свет, и кој често Го спомнува Аллах.“** (Куран 33:21)

По влегувањето под закрилата на исламот, сите претходни гревови на тој човек се бришат; започнува нов живот на побожност и праведност бидеќи тој/таа, во суштина, се покајале поради начинот и верувањето во нивниот претходен живот. Пратеникот му одговорил на човекот кој рекол дека ќе го прифати исламот под услов Аллах да му ги прости претходните гревови:

*„Дали знаеш дека прифаќањето на исламот ги брише сите претходно извршени гревови?“*[49]

Веднаш штом човекот ќе го прифати исламот, тој се ослободува од сите сторени гревови пред прифаќањето на исламот. Делата на тој човек стануваат избришани, небаре е повторно роден тој ден. Од тој момент треба да се труди колку што е можно повеќе да ја одржи чиста својата книга на делата и да настојува да направи што е можно повеќе добри дела; бидејќи врз основа на своите добри дела ќе биде награден во рајот.

Повторно ќе истакнам дека прифаќањето на исламот не значи свртување на грбот на пораките на претходните пратеници (мир над сите нив). Навистина, исламот е исполнување на тие пораки. Затоа, ако сте Евреин или христијанин, прифаќањето на исламот и следењето на Пратеникот Мухамед (мир над него) е остварување на пораката што ја донеле Мојсеј и Исус (мир над нив).[50]

Во секој случај, одбивањето на исламот значи свртување на грбот не само на пратеникот Мухамед, туку исто така и на претходните пратеници (Мојсеј и Исус). Ова, всушност, е очигледно прекршување на нивните пораки, кое ја намалува надежта за наградата во рајот на идниот свет.

Сега останува на вас да одлучите за вашиот сопствен иден вечен дом. Ви посакувам сè најдобро.

---

[49] Хадисот го бележи Муслим.

[50] Оваа важна ставка е докажана во многу различни дела, меѓу кои и делото: „Што вели Библијата за Мухамед“ од Ахмед Дидат, кое го има во издание на македонски јазик. (Заб. на прев.)

# Заклучок

Да заклучиме, исламот ја оживеал верата на сите пратеници, верата која е заснована на верувањето во единиот единствен Бог, нашиот Создател. Заедно со системот на верувањето во Бог, исламот донесе и многу правила и практики врзани за моралот, правдата и чистиот живот. Оттука, исламскиот начин на живот е многу поблизок на начинот на живот на Исус и на претходните пратеници (мир над сите нив) од начинот на било кои други верски групи кои тврдат дека се следбеници на пратениците.

Со оваа главна концепција на разјаснети исламски учења, од вистинските следбеници на Исус се очекува да го прифатат исламот по неговите упатства, а не да му го свртат грбот на неговото правилно учење. Со прифаќањето на исламот, човекот го исполнува верувањето во пратениците Исус и Мухамед и со тоа постигнува среќен живот на овој свет, а пред сѐ ги исполнува условите за влез и вечен престој во рајот.

Нека светлината на вистината го осветли нашиот разум и нашите срца. Нека нѐ водат мирот и сигурноста во овој живот и во вечното блаженство на оној свет.

*Авторот*

# Литература


1. **Вистинската порака на Исус Христос**, д-р Билал Филипс
2. **Вистината за Исус** – д-р Манае Хамад Ал-Џохани
3. **Исправната Божја Вера** – д-р Билал Филипс
4. **Мојата голема љубов кон Исус ме доведе до исламот** – Симон Алфредо Карабаљо (Мухамед б. Адбдулах Карабаљо)
5. **Превод на значењето на Благородниот Куран** – издание на ArtBooks – Скопје, IV издание, 2014
6. **Светото Писмо на македонски јазик** – издание на Македонска книга – Скопје, II издание, 1991

## Содржина

Во врска со зборот „Господ“ .......................................... 7

Во врска со зборот „Аллах“ .......................................... 9

Вовед .......................................... 11

Библиските учења на Исус Христос оживеани во исламот .......................................... 15

1. Оживување на верата во монотеизмот – Божјата едност 16

2. Оживување на Божјата врховна власт во поглед на Неговите атрибути и својства .......................................... 21

3. Оживување на доктрината на монотеизмот .......................................... 23

4. Оживување на верувањето во пратеништвото на Исус 27

5. Оживување на верувањето во човечката природа на Исус .......................................... 29

6. Оживувањето на доктрината за вознесението на Исус (негирање на распнувањето) .......................................... 36

7. Оживување на забраната за пророкување .......................................... 38

8. Оживување на забраната за гатањето .......................................... 40

9. Оживување на забраната за земање камата .......................................... 41

10. Оживување на забраната за конзумирање на свинското месо .......................................... 44

11. Оживување на забраната за конзумирањес на крв .......................................... 45

12. Оживување на забраната на алкохолните пијалаци .......................................... 46

13. Оживување на забраната на прељубата (блудот) .......................................... 47

14. Оживување на ритуалното миење пред молитвата .......................................... 49

15. Оживување на физичкото извршување на молитвата .......................................... 51

16. Оживување на задолжителната милостина (*зекатот*) .......................................... 53

17. Оживување на постот .......................................... 55

18. Оживување на поздравот на мирот ..... 56
19. Оживување на покривањето (*хиџабот*) за жените ..... 57
20. Оживување на многуженството ..... 59
21. Оживуваање на обрежувањето ..... 62
Зошто исламот? ..... 65
Последен повик на разум ..... 69
Ова е тоа ..... 71
Шепот ..... 73
Како да станете муслиман ..... 77
Заклучок ..... 83
Литература ..... 85